ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Службен весник на РМ, бр. 67 од 29.05.2009 година

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008), во членот 95 став 1 точка 14 зборовите: „завод за здравствена заштита" се заменуваат со зборовите: „центар за јавно здравје".

Член 2

Насловот пред членот 110 се менува и гласи: „Центар за јавно здравје".

Член 3

Во членот 110 став 1 зборовите: „Заводот за здравствена заштита" се заменуваат со зборовите: „Центарот за јавно здравје".
Во ставот 2 зборовите: „заводот за здравствена заштита" се заменуваат со зборовите: „центарот за јавно здравје".
Во ставот 3 во воведната реченица зборовите: „Републичкиот завод за здравствена заштита" се заменуваат со зборовите: „Институт за јавно здравје на Република Македонија".
Во алинејата 1 зборовите: „заводите за здравствена заштита" се заменуваат со зборовите: „центрите за јавно здравје".
Во алинејата 7 по зборот „зрачење" се додаваат зборовите: „и нејонизирачко зрачење".
Во алинејата 9 по зборот „критериуми" се додаваат зборовите: „и истражувачка дејност".

Член 4

Во членот 153-s став 2 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:
"5) со правосилна судска пресуда е осуден за кривично дело примање поткуп;".
Точките 5, 6 и 7 стануваат точки 6, 7 и 8.

Член 5

Постојните јавни здравствени установи заводи за здравствена заштита, со денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да работат како јавни здравствени установи центри за јавно здравје.
Центрите за јавно здравје, со денот на влегувањето во сила на овој закон, ги преземаат вработените, просторот, опремата, средствата за работа и архивата на заводите за здравствена заштита.

Член 6

Републичкиот завод за здравствена заштита, со денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжува да работи како јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија.
Институтот за јавно здравје на Република Македонија, со денот на влегувањето во сила на овој закон, ги презема вработените, просторот, опремата, средствата за работа и архивата на Републичкиот завод за здравствена заштита.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".